Известување за концентрација со која ПВВ ГРУП ООД, Бугарија ќе стекне контрола над ПВВ ДОО НИШ, Србија
(предмет бр. 08-161/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ПВВ ГРУП ООД, со регистрирано седиште на област Витоша 4, Рачо Петков Казанџијата, влез Б, 1-ви кат, Софија, Република Бугарија ќе стекне единствена контрола над ПВВ д.о.о. НИШ, со регистрирано седиште на 25. Мај 65б, Црвени крст, Ниш, Република Србија, по пат на купопродажба на удел.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Главната дејност на ПВВ ГРУП ООД се состои од купување стоки или други предмети со цел нивна препродажба во првобитна, преработена или обработена форма; трговско застапување и посредување; комисиони, шпедитерски и превозни зделки; зделки со права од интелектуална сопственост; хотелски, туристички, рекламни, информатички, програмски, импресариски или други услуги, како и секоја друга трговска дејност што не е забранета со закон.

Физичкото лице Ана Христовска врши контрола над ПВВ ГРУП ООД и исто така физичкото лице Ана Христовска е сопственик над ЛЕНДИ ГРУП ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6755500 со адреса на ул. Лондонска бр.19/лок.28, Скопје, Северна Македонија со претежна дејност изградба на други објекти од нискоградба, н.д.м.

Дејноста на ПВВ д.о.о. НИШ е собирање отпад кој не е опасен. Со предложената трансакција, ПВВ ГРУП ООД се стекнува со директна контрола над ПВВ д.о.о. НИШ, а со тоа контрола и над неговите зависни друштва, и тоа:

- ПВВ Депонија д.о.о. Јагодина, Србија, чија главна дејност се состои од собирање отпад кој не е опасен;
- ПВВ Депонија Два д.о.о. Лесковац, Србија, чија главна дејност се состои од собирање отпад кој не е опасен;
- ПВВ Лесковац д.о.о., Србија, чија главна дејност се состои од собирање отпад кој не е опасен;
- ПВВ Јагодина д.о.о., Србија, чија главна дејност се состои од собирање отпад кој не е опасен; и
- ПВВ Прокупље д.о.о., Србија, чија главна дејност се состои од собирање отпад кој не е опасен.

ПВВ д.о.о. НИШ и неговите горенаведени зависни друштва немаат директно присуство преку регистрирано правно лице во Република Северна Македонија, не се активни на територијата на Република Северна Македонија и не остваруваат приходи во Северна Македонија преку продажба на стоки или услуги лоцирани во Република Северна Македонија

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за управување со отпад во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.11.2026 година
Скопје